OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38 став 1 точка 5 од Статутот на Охридска Банка АД Скопје, Собранието на банката на седницата одржана на 11.5.2017 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска Банка АД Скопје по Годишна сметка за 2016 година**

Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распредување на остварената добивка на Охридска Банка АД Скопје по Годишна сметка за 2016 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2016 година во бруто износ од 43.420.014 денари.

Член 2

Износот на бруто дивидендата по акција изнесува 99 денари.

Член 3

Исплатата на дивиденда ќе се изврши во пари по следниот дивиденден календар:

- датум на пресек на акционерската книга според кој се определува правото на дивиденда за 2016 година е 26.05.2017
- последен датум на тргување со право на дивиденда за 2016 година е 22.05.2017
- прв ден на тргување без право на дивиденда за 2016 година е 23.05.2017
- исплатата на дивидендата за 2016 година ќе започне на 12.06.2017 година.

Член 4

Акционерите кои имаат право на дивиденда ќе бидат ќе бидат известени за оваа Одлука со Соопштение во еден од дневните весници што излегуваат во Република Македонија и на веб страната на Охридска Банка.

Член 5

Одлуката стапува во сила со на денот на донесувањето.

Член 6

Образложението кон оваа Одлука е составен дел на оваа Одлука.

**СО Бр. 0201-26237/8**
**11.5.2017**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар
од страна на Охридска Банка АД Скопје по Годишна сметка за 2016 година

Врз основа на член 86 од Законот за банки, член 483 од Законот за трговските друштва и член 38 став 1 точка 5 од Статутот на Банката, Охридска Банка АД Скопје на своето годишно собрание одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка.

Во 2016 година Банката оствари нето добивка во износ од 435.003.451 денари и истата се распределува и тоа дел за дивиденда, дел како задржана нераспределена добивка и дел како задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка.

Делот од нето добивката во износ од 43.420.014 денари што се распоредува за исплата на дивиденда им припаѓа на имателите на обични акции сразмерно на вложените средства во акционерскиот капитал на Банката.

Износот на бруто дивидендата по акција изнесува 99 денари. Акционерите кои имаат право на дивиденда ќе бидат ќе бидат известени со Соопштение во еден од дневните весници што излегуваат во Република Македонија и на веб страната на Банката. Исплатата на дивиденда ќе се изврши во пари, по следниот дивиденден календар:

- Датум на пресек на акционерската книга според кој се определува правото на дивиденда за 2016 година е 26.05.2017
- последен датум на тргување со право на дивиденда за 2016 година е 22.05.2017
- прв ден на тргување без право на дивиденда за 2016 година е 23.05.2017
- Исплатата на дивидендата за 2016 година ќе започне на 12.06.2017 година.

Дивидендата која се исплаќа на домашни и на странски физички лица е предмет на персонален данок на доход, а дивидендата на странски правни лица е предмет на данок на задршка согласно Законот за данок на добивка.

Имајќи го во вид изнесеното се предлага Предлог Одлуката да биде усвоена во текст како што е предложена.